Друштво за управување со пакување и отпад од пакување
ПАКОМАК ДОО
Бр. 03-4819
03.11. 2021 год.
СКОПЈЕ

Друштво за транспорт градежништво и трговија "ВАТО" ДОО
Бр. 0307-1814
21.10. 2021 год.
СТУДЕНИЧАНИ

# ДОГОВОР за уредување на меѓусебни односи

**Склучен на ден 21.10.2021 година, помеѓу:**

1. **Друштво за управување со пакување и отпад од пакување ПАКОМАК ДОО Скопје** со седиште на адреса бул. Партизански одреди/Порта Влае - блок 4, Скопје, Карпош , застапувано од управител Филип Ивановски (во понатамошниот текст: прва договорна страна) и

2. **ВАТО ДОО Студеничани** со седиште на ул.4 бр.19 Батинци, Скопје со ЕДБ МК4030001421949 застапувано од Управителот Сафет Ватиќ од Скопје (во понатамошниот текст: **втора договорна страна)**

## Член 1

Предмет на овој договор е регулирање на меѓусебните права и обврски во врска со поставување на наменски картонски кутии за собирање на отпад од пакување – (хартија/пластика) и тековно собирање на отпадот од пакување од истите.

## Член 2

Втората договорна страна во насока на остварување на промоција и поддршка на одговорен однос кон отпадот од пакување воспоставува соработка со ПАКОМАК ДОО Скопје како општествено одговорна компанија на начин што ќе набави **6 (шест)** наменски картонски кутии за собирање на отпад од пакување (хартија / пластика) во административниот/заедничкиот простор од Друштвото/станбена зграда.

Картонските кутии ќе се набават по цена од 120,оо ден + 18% ДДВ за 1 (една) кутија .

Доколку втората договорна страна има потреба од дополнителни наменски кутии за собирање на отпад од пакување истите ќе може да ги набави од ПАКОМАК по цена од 120,оо ден + 18% ДДВ за 1( една) кутија .

Доколку втората договорна страна има потреба од кеси за селекција на отпад соодветни за наменските картонски кутии , ќе може да ги набави од ПАКОМАК а за истите ќе плати по 9,00 ден + 18% ДДВ по парче кеса.

За секоја набавка на наменска/и картонска/и кутија/ии или кеса/и од страна на втората договорена страна ќе треба да се потпише испратница врз основа на која ќе биде издадена и фактура од ПАКОМАК ДОО Скопје .

**Член 3**

Второта договорна страна се обврзува да врши одговорно селектирање и собирање на отпадот од пакување (хартија/пластика), во спротивно ПАКОМАК ДОО Скопје има право без отказен рок да го раскине овој договор.

Динамиката на собирање на отпадот од пакување ќе се реализира во зависност од собраните количини на отпад од пакување.

**Член 4**

Со склучување на овој договор, договорните страни се согласуваат сите меѓусебни спорови да ги решаваат спогодбено и во духот на добрите деловни односи.

Доколку спорот не се реши спогодбено, спорот ќе го решава надлежен суд.

**Член 5**

Овој договор е составен во 2 (два) еднообразни примероци, од кои по 1 (еден) за секоја договорна страна.

| ПАКОМАК ДОО СКОПЈЕ | ВАТО ДОО |
|---|---|
| Директор<br>Филип Ивановски | Управител<br>Сафет Ватиќ |

Друштво за управување со пакување и отпад од пакување ПАКОМАК ДОО Скопје

Друштво за транспорт градежништво и трговија ВАТО ДОО Студеничани 3